РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-186/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-5354/1 од 20.11.2023 година, оформен по пријава против лицето ------- -------------, декан на ----------------- ----------------- Универзитетот „--. ------------ - ----------“ во Скопје при ------------ ------------, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што по пријавата е во тек постапка пред друг надлежен орган – Министерството за финансии, Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата.

Предметот со број 12-5354/1 од 20.11.203 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија на ден 20.11.2023 година, од страна на познат подносител без адресни податоци за контакт е доставена пријава против ------- -------------, декан на ----------------- ----------------- при Универзитетот „--. ------------ - ----------“ во Скопје во која се изнесени сомневања за злоупотреби во финансиското работење на факултетот и за нерационалното трошење на финансиски средства од буџетот на факултетот, врз основа на која е оформен предмет број 12-5354/1 од 20.11.2023 година.

Државната комисија постапувајќи по предметот, побара Министерството за финансии, Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, во рамки на своите законски надлежности да изврши контрола над предметната установа во врска со наводите од пријавата и да ја извести за исходот.

Министерството за финансии, Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата достави известување арх.бр.25-1634/2 од 03.09.2025 година дека постапува по доставеното барање од Државната комисија, во

согласност со член 18 став 2 и 3 од Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Упатството за утврдување на приоритетноста на пријавите.

Поради тоа што за предметниот случај е во тек постапка пред надлежен орган – Министерството за финансии, сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, Државната комисија нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК